ММФ

Здружение Мрежа на млади фармери

Е Билтен Бр. 1

ЈУНИ-ДЕКЕМВРИ 2020



ММФ
Здружение Мрежа на млади фармери




**”МЛАДИТЕ ФАРМЕРИ – ПРЕПОЗНАТЛИВИ И ПОЧИТУВАНИ ОД ЈАВНОСТА”**

**Мрежата на Млади Фармери – ММФ е формирана врз основа на доброволна иницијатива на млади фармери. Со статус на правно тело функционира од 2012 година.**

**Мрежата на Млади Фармери – ММФ има за цел** да ги обедини младите земјоделци и руралното население во земјава, во една силна и препознатлива организација, која ќе ги штити нивните економски, социјални и културни интереси, ќе се залага за унапредување на можностите за развој на агро-бизнисот и рамномерен регионален развој на руралните подрачја во Република Северна Македонија. Притоа, ќе влијае врз креирањето на политиките, стратегиите во државата со цел да обезбеди поквалитетен животза граѓаните што ги застапува.

**Мисијата на Мрежата на млади фармери** е да ги развива лидерските и претприемачките вештини на младите фармери во Македонија, да поттикнува тимска работа и комуникација, да го подигне интересот за земјоделството, но и да дава придонес во неговиот развој, да спроведува активности за подобрување на квалитетот на живот и заштитата на животната средина.

**Структура и внатрешно функционирање**

ММФ има пет (5) Регионални тимови (РТ), по еден во секој од петте региони (Охрид,Гостивар, Прилеп, Свети Николе, Струмица). Секој РТ има свој Тим лидер, негов заменик. Работата наРТ ја координира Тим лидерот или неговиот заменик.

Членови на Националниот тим (НТ) на ММФ се Тим лидерите на РТ или нивнитезаменици.

ММФ
Здружение Мрежа на млади фармери

Проектот „ **МЛАДИТЕ ФАРМЕРИ – ПРЕПОЗНАТЛИВИ И ПОЧИТУВАНИ ОД ЈАВНОСТА** е ре-грантиран во рамките на програмата "Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации" која што ја спроведува Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центар за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС), во периодот од 2018 до 2021 година, а финансирана од Европската Унија (ЕУ).

Период на спроведување: јуни – ноември 2020

Цел на проектот е да се воспоставен систем за редовно транспарентно известување на јавноста и подобрена внатрешната комуникација во мрежата

**Очекувани резултати :**

- Р.1. Зголемена препознатливост на Мрежата на млади фармери (ММФ) во Македонија особено меѓу земјоделците
- Р.2.Зајакнати капацитетите на Националниот тим на мрежата за размена на информации со членството
  - Р.3 Воведени пишани процедури за внатрешно управување на организацијата

Мрежата на млади фармери-ММФ реализира **дводневна работилница на 14.08. и 15.08. 2020 год. во Штип** во рамки на проектот "**: МЛАДИТЕ ФАРМЕРИ – ПРЕПОЗНАТЛИВИ И ПОЧИТУВАНИ ОД ЈАВНОСТА**". Проектот е регрантиран во рамките на програмата "Одржливо граѓанско општество: државнофинансирање на граѓански организации" која што ја спроведува Македонски центар замеѓународна соработка (МЦМС), со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество(БЦСДН) и Центар за информирање, соработка и развој на граѓанските организации одСловенија (ЦНВОС), во периодот од 2018 до 2021 година, а финансирана од Европската Унија(ЕУ)









Мрежата на млади фармери-ММФ во рамките на проектот „**МЛАДИТЕ ФАРМЕРИ – ПРЕПОЗНАТЛИВИ И ПОЧИТУВАНИ ОД ЈАВНОСТА** “ на 02 и 03 октомври 2020 година во Охрид организира дводневна работилница **за комуникација и членство на Мрежата на млади фармери.**

**ПРОЕКТОТ”МЛАДИТЕ ФАРМЕРИ – ПРЕПОЗНАТЛИВИ И ПОЧИТУВАНИ ОД ЈАВНОСТА” Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА” ОДРЖЛИВО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО-ДРЖАВНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ГО” КОЈА**

ММФ
Здружение Мрежа на млади фармери

**ЈА СПРОВЕДУВА МЦМС ВО ПАРТНЕРСТВО СО БАЛКАНСКАТА МРЕЖА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО(БЦСДН) И ЦЕНТАРОТ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ, СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ(ЦНВОС) ОД СЛОВЕНИЈА, А Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКА УНИЈА.**









ММФ
Здружение Мрежа на млади фармери







Мрежата на млади фармери-ММФ на 31.10.2020 година во с. Црнилиште, Св.Николе одржа Годишен состанок со своето членство. На состанокот се презентираа активностите реализирани во тековната година и беа дадени предлози, очекувања и потреби од своето членство за наредна година. Сето тоа мрежата го реализира преку проектот„ **МЛАДИТЕ ФАРМЕРИ – ПРЕПОЗНАТЛИВИ И ПОЧИТУВАНИ ОД ЈАВНОСТА.**

Проектот е ре-грантиран во рамките на програмата “Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации” која што ја спроведува Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центар за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС), во периодот од 2018 до 2021 година, а финансирана од Европската Унија (ЕУ).

ММФ
Здружение Мрежа на млади фармери

# ГОДИШЕН СОСТАНОК НА МРЕЖА НА МЛАДИ ФАРМЕРИ-ММФ







Мрежата на млади фармери со цел да се поттикнат младите да го развиваат овај сектор и да гледаат на земјоделството како бизнис, а не како гранка од која едвај се преживува, секоја година организира настан “ Ден на млад фармер”. Оваа година поради пандемијата и запазување на протоколите се прескокна организирање на овај настан. На овај настан редовно мрежата прогласува млад фармер на годината, фармер кој е прогласен од членовите на мрежата согласно неговите достигнувања во тековната година.

Оваа година изборот на млад фармер се изврши на самиот Годишен состанок кој се одржа во с.Црнилиште, Свети Николе во октомври 2020 година. Изборот на млад фармер беше избран од присутните членови на ММФ. За млад фармер за 2020 година беше избран Глигорчо Анастасов од Св Николе.Еден успешен пример за водење бизнис на село. Овој вреден млад брачен пар, односно домаќинот Глигорчо и сопругата Маја, како и нивните родители Љубинка и Орданче Анастасови успешно одгледуваат крупен добиток. Во нивниот ранч блиску до живописното село Макреш, на непрегледните пасишта и долини слободно пасат крави и коњи. За нив освен

МMФ
Здружение Мрежа на млади фармери



Анастасови, се грижи и сточарот кој неуморно е со животните и денонoќно се грижи за нивната состојба.

Глигорчо вели да се одгледува крупен добиток е крупен чекор, но и големо задоволство. Во моментов одгледува пеесетина грла крави од расите Сименталка, јунци и 6 расни коњи. Глигорчо вели дека би го зголемил нивниот број, “ова е исплатлив бизнис, но ме спречува лошиот пат до ранчот, во должина од 5 километри од село Немањица, каде е нашата база. Патувам речиси 40 минути со џип и 1 час со трактор за да однесам сено и други потребни работи до мојот ранч.”

„Проектот е финансиран
од Европската Унија“

ЕУ со ТЕБЕ

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС


МЛАД ФАРМЕР
ММФ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
Република С. Македонија
ЛОЗОВО
ОПШТИНА ЛОЗОВО

Ранчот на фамилија Анастасови во близина на с.Макреш











ММФ
Здружение Мрежа на млади фармери













